РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2525/3
06-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 41-та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1197/1 од 02.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за Интерен оглас за упатување на специјализација - орална хирургија бр. ---- од 31.12.2024 година, распишан од ЈЗУ ----, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со бр. 12-1197/1 од 02.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.04.2024 година, поднесена е пријава по однос на Интерен оглас за упатување на специјализација - орална хирургија бр. ---- од 31.12.2024 година, распишан од ЈЗУ ---- (понатаму: ЈЗУ) и оформен е предмет бр. 12-1197/1 од 02.04.2025 година.

Подносителот на пријавата навел дека на интерниот оглас бил единствен пријавен кандидат. На ден 12.02.2025 година, откога по истекот на сите законски

рокови, добил известување за поништување на одлуката за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ, со образложение дека Комисијата за селекција, не избрала кандидат за упатување на специјализација, без да се даде објаснување за истото.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање и дополнително барање за доставување на податоци и информации до Државниот санитарен и здравствен инспекторат (понатаму: ДСЗИ), како барање за доставување на податоци и информации до ЈЗУ.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

ДСЗИ – Сектор за инспекциски надзор извести дека веќе имал постапувано по идентична претставка од истиот подносител, доставена до нив на ден 07.02.2025 година, по што од страна на ДСЗИ ----бил извршен вонреден инспекциски надзор на ден 14.02.2025 година и ден 17.02.2025 година.

ДСЗИ ---- изготвил Информација од спроведен вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ бр. ИП ---- од 18.02.2025 година, со кој констатирал дека со Одлука за поништување на Одлуката за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ со бр. ---- од 31.12.2024 година (док. Со арх. бр. ---- од 12.02.2025 година), новиот Управен одбор на ЈЗУ донел одлука за поништување на интерниот оглас врз основа на член 9 од Правилникот за специјализација на установата, каде стои дека одлука за специјализација донесува Управниот одбор врз основа на донесена четиригодишна Програма за потреба од специјализации (и тоа за секоја година посебно), а по мислење на Стручниот колегиум во болницата. Стручниот колегиум поднел Известување до претходниот Управен одбор дека ЈЗУ нема потреба од специјализација по орална хирургија, но и покрај тоа одлуката за интерен оглас била донесена. Дополнително, ДСЗИ ----извршил увид во Заклучок за исправка на решение на Министерството за здравство (док. Со арх. бр. ----од 02.04.2007 год.), каде во образложението стои дека при поделбата на дејности на тогашниот Медицински

центар во ----во наведениот Заклучок на Министерот за здравство била направена грешка со тоа што дејноста орална хирургија била наведена во болнички дејности на ЈЗУ, иако таа дејност спаѓала во рамките на дејности на Здравствен дом кои согласно Законот за здравствена заштита се трансформираат во ПЗУ по пат на издавање под закуп. Последно, ДСЗИ ---- извршил увид во Известувањето до подносителот на пријавата за запрена постапка по објавен интерен оглас бр. ----од 31.12.2024 година. Во Известувањето било образложено дека од страна на Комисијата за селекција во болницата не бил избран кандидат за упатување на специјализација, односно постапката била запрена на предлог од Комисијата за селекција со правна поука дека докторот има право на жалба во рок од 8 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен преку болницата.

По дополнителното барање до ДСЗИ ----, со кое ДКСК побара да биде извршен повторен инспекциски надзор, видно од записник ИПИ бр. ----од 27.06.2025 година, ДСЗИ ----извршил вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ, при што од увидот во документацијата и изјавата на вд Директорот била констатирано дека Владата на РСМ донела Програма за изменување и дополнување на програмата за потребите од специјалистички и субспецијалистички кадри, согласно со мрежа на здравствени установи (2023-2026 г.) која била објавена во ("Сл.весник на РСМ", бр.28/2025 од 10.02.2025 год), во која за 2025 година била внесена една специјализација по орална хирургија во болницата.
На втората седница на Управниот одбор на болницата одржана на 12.02.2025 година, втора точка на дневен ред била разгледување и донесување на Програма за усовршување во здравствената установа за 2025 година, при што била усвоена Програма усогласена со Програмата од Владата со забелешка дека била за потребите на болницата и дека во одреден период може да биде изменета.
Од донесената Програма за усовршување во здравствената установа за 2025 година утврдено дека е идентична со Програмата за изменување и дополнување на програмата за потребите од специјалистички и субспецијалистички кадри

согласно со мрежа на здравствени установи (2023-2026 година) од Влада на РСМ за 2025 година, во делот кој се однесува на болницата.

Од увидот во Одлука за поништување на Одлуката за потреба од упатување на специјализација на вработени здравствени работници во ЈЗУ со бр. ----од 31.12.2024 година, било видно дека е донесена од страна на Управниот одбор во ЈЗУ на истиот ден кога е донесена и Програма за усовршување во здравствената установа за 2025 година, во која специјализацијата по орална хирургија за 2024 година била избришана, а вметната во програма за 2025 година.

Во четиригодишната програма за потреби од специјалистички кадри во ЈЗУ, било наведено дека има потреба од специјализација по орална хирургија во 2024 година, но не и во 2025 година вд Директорот на ЈЗУ изјавил дека за него е нејасно зошто спорната специјализација била вметната во програмата за 2025 година, бидејќи од страна на ЈЗУ не било побарано од Министерство за здравство во измената на Програмата за специјализации за 2025 година да има специјализација по орална хирургија. ЈЗУ немала потреба од специјализација по орална хирургија бидејќи во член 9 од Статут на ЈЗУ бр. ----од 13.07.2021 година, не била наведена дејност на орална хирургија во болницата за да би се одобрила таква специјализација.

При надзорот, во рамките на надлежностите на ДСЗИ ----, од страна на инспекторот не биле констатирани неправилности во работата на субјектот на надзор.

ЈЗУ во доставениот допис до ДКСК известува дека согласно член 9 од Правилникот за специјализација, супспецијализација и стручно усовршување на здравствените работници, здравствените соработници и други работници во ЈЗУ бр. ----од 30.12.2022 година, Стручниот колегиум дава мислење за донесување на Одлука за потреба од упатување на специјализација и супспецијализација од страна на Управниот одбор. Бидејќи во 2025 година, Стручниот колегиум не дал такво мислење за специјалноста по орална хирургија, Болницата не распишала интерен оглас за упатување на здравствени работници на специјализација. Дополнително, во смисла на наводите за „бришење" на специјализацијата во 2024

година, информираат дека не се надлежниот орган што ја носи Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно мрежата на здравствени установи, туку Владата на РСМ.

Во прилог на горенаведениот допис, ЈЗУ на увид до ДКСК доставила Изјава бр. ---- од 30.12.2024 година од Раководителот на Одделението за максилофацијална хирургија, која изјавува дека не постои потреба од специјализација по орална хирургија, како и Известување бр. ----од 30.12.2024 година, со кое вд Директорот на ЈЗУ го известува Управниот одбор дека согласно стручната консултација со Стручениот колегиум, кадровската поставеност и потребите на институцијата, го известува Управниот одбор дека ЈЗУ нема потреба од упатување на специјализација на кадар по орална хирургија.

Според член 9 од Правилникот, одлука за потреба од упатување и супспецијализација донесува Управниот одбор на Општата болница врз основа на Програма за потреба од специјалистички и супспецијалистички кадри на Општа болница, од член 4 на овој Правилник, ***а по мислење на Стручниот колегиум на Општата болница.***

ДКСК констатира дека за предметниот случај е постапено од страна на надлежен орган, односно ДЗСИ, и при нивното постапување не утврдиле никакви неправилности во работењето на ЈЗУ.
Исто така, Одлуката за поништување на Одлуката за потреба од упатување на специјализација, била донесена како последица на фактот што претходниот Управен одбор донел одлука за потреба од упатување на специјализација, без да го земе во предвид мислењето на Стручниот колегиум дека Одделението за максилофацијална хирургија нема потреба од специјалист по орална хирургија.
Дополнително, видно од доставената предметна документација, подносителот на пријавата имал право да ја обжали спорната одлука до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Советник
Контролирал: м-р Ј.Ц. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата